АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 30.12.2024 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 10 | 5361/1 | | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), се доставува:

# ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Контролен;
2. **Субјект на надзорот:** Телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Сарај Скопје;
3. **Период опфатен со надзорот:** 11 декември 2024 година;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 30 декември 2024 година;
5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);
   - **Правилник за заштита на малолетните лица – пречистен текст** (Бр. 01-4898/1 од 22.11.2024 година);

6. **Претходно изречена мерка:**

*На 18.11.2024, за непочитување на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на член 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе Решение за изрекување мерка јавна опомена (03-314 од 18.11.2024 година) на Трговското радиодифузно друштво КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Сарај Скопје*

*Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на решението (20.11.2024 година), да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

Со контролниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Сарај Скопје, емитуван на 11 декември 2024 година, на државно ниво, **констатирано е дека радиодифузерот <u>постапил по решението за изрекување мерка – јавна опомена</u>**, односно ја отстранил извршената повреда од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Сепак, при надзорот беше констатирано дека изгледот на предупредувачката сигнализација во промотивните најави, како и на онаа што е аплицирана за време на емитувањето на програмите од трета (12+) и четврта (16+) категорија не е истоветен како оној што е пропишан со членовите 20 и 21 од Правилникот за заштита на малолетните лица.

Со оглед на фактот дека радиодифузерот се потрудил да го отстрани претходно констатираното прекршување, потребно е да му биде испратен допис во кој ќе му биде укажано каков е правилниот изглед на предупредувачката сигнализација.

**8. Опис на прекршувањето:**

**9. Предлог мерка:**

***Сектор за програмски работи***